**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**12 февруари, 2008 година**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД, Скопје објавува дека во соработка со Универзитетот Американ Колеџ, ќе ја промовира првата меѓународна образовна програма во Македонија што нуди едно семестрален итегриран курс за студенти во втора и трета година на политички науки и бизнис администрација.

Промоцијата на **новата Меѓународна Образовна Програма** ќе се одржи **денес, четврток на Универзитетот Американ Колеџ во 16:30 часот**, каде меѓудругото Институтот ОХРИД и Универзитетот Американ Колеџ ќе потпишат меморандум на соработка.

Македонските студенти често ја немаат таа можност да учествуваат на различни меѓународни семинари, тренинзи, курсеви или пак да се образуваат надвор од Македонија, најчесто поради финансиски потешкотии или визниот режим, поради тоа ова претставува ексклузивна можност за проширување на знаењето во меѓународни рамки. Со оваа програма Институтот ОХРИД ќе создаде можност да македонските студенти добијат знаења од различни врвни професори од странство а и ќе се стекнат со можноста да го продолжат нивното образование во странство со стипендија овозможена од Институтот ОХРИД.

Ве покануваме медиумски да го покриете овој значаен настан и ве молиме да ја информирате македонската јавност за истиот.

* * *